


A4 A5 A5 A5

## #A4toA5 A4 to A5 - SAVE HALF

## A4 во A5- ЗАЧУВАЈ ПОЛОВИНА

**Глобално движење за намалување на потрошувачката на хартија преку користење на двојно помалата A5 формат на лист хартија наместо традиционалната A4, за печатење на документи, кои имаат помал обем на содржина. Како на пример сметки, потврди, фактури, сертификати, дипломи и сл. Тотална Дигитализација е финално решение, но додека стигнеме до тоа ниво, можеме да ја преполовиме консумацијата. A5 формат е двојно помал од A4. Половина трошоци помалку, половина дрва спасени. ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО A5 ФОРМАТ.**

Хартијата за печатење во најголем дел се прави од ново исечени дрва. Каде рециклирана хартија најчесто се употребува во облик на картонски кутии. Тука е круцијалниот момент во однос на намалување на потрошувачката на хартија со користење на помал формат на хартија за печатење.
“А4 во А5 - зачувај половина” е глобално движење со цел намалување на сечата на дрва. А4 форматот е прифатен како неформален стандард за печатење на документи во најголемиот број на држави. Но голем број од документите во секојдневна употреба, сметки, фактури, профактури, формулари, итн. Немаат доволно содржина за реална потреба да бидат печатени на А4 формат. Празни страни со 3-4 реда реченици. И не постои реална и логичка причина да не се промени форматот со помала површина. Во случај кога има содржина за цела страна А4 формат, тогаш може да се користи двострано печатење на А5, што е еквивалентно на површина од една страна А4. Површински А5 форматот е два пати помал од А4.

**ДИМЕНЗИИ НА ФОРМАТ.**

| **формат** | **Милиметри** | **Инчи** |
|---|---|---|
| **А4** | **210 x 297 mm** | **8.3 x 11.7 inches** |
| **А5** | **148.5 x 210 mm** | **5.8 x 8.3 inches** |

Доколку А4 лист се пресече точно на средина, ќе се добијат два листа А5 формат. Затоа доколку се прашува некој, што да се прави со преостанатите А4 листови кои веќе се набавени, тогаш одговорот е да се пресечат на пола. Најголемиот дел на принт шопови и печатници имаат машини за сечење на хартија во големи снопови, каде за брзо време големи количини на хартија може да се ре-форматираат од А4 во А5.

**Факти за промената од А4 во А5:**

- ✓ Не постои законска регулатива која укажува дека треба да се користи А4 формат
- ✓ Нема трошоци за трансфер на технологијата, имено сите печатачи и оперативни системи подржуваат печатење и пишување во А5 формат.
- ✓ Бидејќи А5 е два пати помал од А4, тоа значи половина трошоци помалку за набавка на хартија за печатење. Тоа значи и половина дрва спасени од сеча. А5 форматот зафаќа за половина помал простор за складирање
- ✓ Со обострано печатење зачувувате уште повеќе.

**Статистички податоци за потрошувачка на хартија на годишно ниво во А4 формат, за 2020 од локалната власт на ниво на град Скопје и Општините во него.**

| Назив на институција | топови хартија (1 топ = 500 листа) А4 | Вкупни Трошоци |
|---|---|---|
| Град Скопје | 4,452 | 726,018 Ден |
| Општина Гази Баба | 900 | 170,100 Ден |
| Општина Аеродром | 6,000 | 300,000 Ден |
| Општина Центар | 850 | 191,828 Ден |
| Општина Кисела Вода | 828 | 115,605 Ден |
| Општина Бутел | 447 | 94,764 Ден |
| Општина Чаир | 800 | 116,540 Ден |
| Општина Шуто Оризари | 500 | 115,300 Ден |
| Општина Карпош | 937 | 226,754 Ден |
| **Вкупно** | 15,714 | 2,056,909 Ден |

Изразуваме благодарност до општините кои соработуваа со нас и ни дозволија пристап до овие информации.

Еден топ А4 формат хартија (500 листа) е со тежина од 2.5 кг.
Од еден просечен бор се произведува околу 20 топа (10 000 листа) А4 формат.
**Што значи дека локалната власт во Скопје годишно троши околу 3 хектари борова шума на А4 листови!**
На ниво на Држава, во 2020 година увезени се 4 731 502 кг хартија во А4 формат, односно се потрошени се околу 94 хектари шума само за А4 формат хартија!
За производство на еден (1) лист хартија А4 формат потребно е 10 литри вода. Овие бројки се неодржливи, не светско ниво се пресметува дека за период од 15 години нема да има доволно дрва и вода за да се задоволи побарувачката на хартија. Во заводот за статистика не постојат информации за домашно производство на А4 формат хартија.

**ПОТРШУВАЧКАТА НА ХАРТИЈА МОЖЕ ДА ЈА ПРЕПОЛОВИМЕ СО ОВАА ИНИЦИЈАТИВА!**

**СЕКОЈА ОРГАНИЗАЦИЈА МОЖЕ ДА СЕ ПРИКЛУЧИ!**

**КАКО ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ ВО ДВИЖЕЊЕТО:**

1. **Започнете ја транзицијата од А4 во А5 формат!**

2. **Отпечатете го шаблонот “А4 во А5” на СТРАНА 5 од овој повик (во А4 формат), или симнете го од https://www.smislasolutions.org/featured-project**

3. **Претставници од организацијата да се фотографираат како го сечат шаблонот на половина, со вашето лого или натпис од името на правното лице во позадина. Погледнете пример на страна 1. (Од еден лист А4 формат се добиваат два А5)**

4. **Започнете со следење на официјалните страни на движењето.**
   **Инстаграм https://www.instagram.com/a4toa5/**
   **Твитер https://twitter.com/A4toA5**

   **Инстаграм** **Твитер**

5. **Сликата објавете ја на вашата интернет страна и социјални мрежи. Тагирајте ја сликата на социјалните мрежи со хаштаг #A4toA5**

6. **Испратете ја сликата со називот на вашата организација на нашата е-пошта [A4toA5@protonmail.com](mailto:A4toA5@protonmail.com) и ние ќе ја објавиме на нашата интернет страна и социјални мрежи со основните податоци за организацијата.**

**Дознајте повеќе https://www.smislasolutions.org/projects**

# A5

## A4 to A5

## SAVE HALF

www.smislasolutions.org

# A5

## A4 to A5

## SAVE HALF

www.smislasolutions.org